1. **ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ИЗМЕНА НА РАМКОВЕН ДОГОВОР И ДЕЛ ОД ДОКУМЕНТИТЕ КОИ СЕ СОСТАВЕН ДЕЛ НА РАМКОВНИОТ ДОГОВОР**

Ве известуваме дека Шпаркасе Банка изврши измена и дополнување на текстот на Рамковниот Договор, кои се во примена од 25.11.2025 година. Измените се следни:

- наплата на надоместок во висина на вистински направените трошоци доколку клиентот бара информации почесто од динамиката утврдена со ЗПУПС;
- временски рок за поднесување на барање за раскинување на Рамковниот договор доколку клиентот не се согласува со промената на надоместоците, трошоците и провизиите поврзани со сметката;
- јазик на кој ќе се одвива целокупната комуникација меѓу договорните страни, како и јазик на склучување на Рамковниот договор.

Шпаркасе Банка изврши измена и дополнување на текстот на Општите правила и услови за платежна сметка и платежни услуги за физички лица, кои се во примена од 25.11.2025 година. Измените се следни:

- дополнување на делот за давање на надворешно овластување доколку се изготвува надвор од Р.С.Македонија;
- дообјаснување на делот за делумни преноси, одговорност, отповикување на платни налози како и задолжителни елементи при пополнување на платните налози;
- обработки на приливни платежни трансакции.

Шпаркасе Банка изврши измена и дополнување на текстот на Општите правила и услови за издавање и користење на дебитни картички за физички лица, Општите правила и услови за издавање и користење на кредитни картички за физички лица и Општите правила и услови за издавање и користење на дебитни студентски картички за плаќање за субвенциониран студентски оброк, кои се во примена од 25.11.2025 година. Измените се следни:

- Насоки и објаснување за Корисникот на картичката да презема разумни мерки за заштита на платежниот инструмент и неговите сигурносни обележја.

Шпаркасе Банка изврши измена и дополнување на текстот на Општата понуда за извршување на еднократна платежна услуга, кои се во примена од 25.11.2025 година. Измените се следни:

- задолжителни елементи при пополнување на платните налози;
- износи на пренос на парични средства кај еднократни прекугранични платежни трансакции.

Шпаркасе Банка изврши измена и дополнување на текстот на Терминскиот план за прием и извршување на платни налози за кредитни трансфери во земјата, кои се во примена од 25.11.2025 година. Измените се следни:

- времето на прием, испраќање и обработка на платните налози за извршувања на интерните плаќања.

Шпаркасе Банка изврши измена и дополнување на текстот на Терминскиот план за реализација на кредитни трансфери со странство, кои се во примена од 25.11.2025 година. Измените се следни:

- дополнување на временски рок за датум на извршување на налозите за кредитни трансфери со странство и измена на описите.

SPARKASSE
Bank

## 2. ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ИЗМЕНА НА ТАРИФА ЗА НАДОМЕСТОЦИ ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА

Ве известуваме дека Шпаркасе Банка изврши измена на Одлуката на надоместоци за физички лица. Надоместоците кои ќе започнат да се применуваат од **06.10.2025** се следни:

**<u>Платежни трансакции со странство</u>**

1. Воведување на новата услуга СЕПА
   -СЕПА кредитни трансфери – До 50еур 60 денари; Од 50.01еур до 3000 еур 310мкд; Од 3000.01 еур 620 мкд
   -СЕПА приливи 60 мкд а по основ на плата и пензија Без надоместок.
2. Намалување на цените за Fast Intragroup Transfers (FIT Payments)
   -FIT дознака 180 мкд и FIT приливи 60 мкд
3. Бришење на ставките за Intra Group Payments и Кредитни трансфери кон Германија и Австрија со вовдувањето на СЕПА плаќањата.

Надоместоците кои ќе започнат да се применуваат од **25.11.2025** се следни:

**<u>Платежни трансакции во земјата – трајни налози</u>**

1. Воведување на нов надоместок- Отворање на траен налог 200 мкд

**<u>Картично работење</u>**

1. Месечна членарина за дополнителната картичка за Mastercard Debit contactless и Visa Classic Debit contactless (платен список / иматели на сметка) – 30 мкд;
2. Измена на текстот за итна изработка на сите видови дебитни и кредитни картички;
3. Воведување на Visa Direct пренос на средства кон Visa картички во земјата - 50 мкд по налог и важи за Visa Classic Debit- contactless резиденти и нерезиденти и Visa Platinum Debit.

*Согласно Законот за платежни услуги и платни системи и Рамковниот договор ќе се смета дека корисникот на платежните услуги ги прифатил промените во условите на Рамковниот договор и неговите прилози доколку не го извести давателот на платежните услуги-Банката пред датумот на примена на измената дека ги одбива промените во условите на Рамковниот договор и неговите прилози.
Наведените измени се достапни во електронска верзија на ВЕБ – порталот на Банката за персонализиран пристап за известувања и документи за платежни услуги, ВЕБ страната на банката и во работните простории на банката